Предмет: Доставени коментари и одговори од АЕК во врска со Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за обезбедување на битстрим пристап и препродажба на битстрим услуга (Службен Весник на РМ 190/14 и 50/17)

Македонски Телеком: Во однос на Правилникот за за изменување и дополнување на Правилникот за обезбедување на битстрим пристап и препродажба на битстрим услуга, имаме предлог за промена на став 5 во Член 18(1) кој гласи: "(5)Операторот треба на месечна основа да доставува до Агенцијата податоци за бројот на претплатници за секоја промотивна понуда што ја обезбедува." Предлагаме оваа обврска да не постои и ex-post анализата за промоцијата да биде вклучена во редовните историски податоци кои Операторот ќе ги доставува на секои шест месеци.

АЕК: Коментарот се прифаќа.

Македонски Телеком: Согласно барањата од пазарот а во насока да се овозможи флексибилност со големопродажните цени за пристап до интернет преку бакар, во Правилникот за обезбедување на битстрим пристап и препродажба на битстрим услуга во Член 18, Став 3 кој гласи "При утврдувањето на усогласеноста на обврската од став (2) на овој член, Агенцијата ќе ја користи LRIC методологијата со можност долгорочната предвидлива вредност на мрежните елементи за битстрим пристап да се пресметува користејќи ги како основа тековните трошоци на Операторот" предлагаме истиот Член да се дополни со нов став "Проверката на усогласеноста на обврската од став (2) на овој член, за промоции и попусти на големопродажните цени од битстрим понудата, се врши преку тестот за економска репликабилност".

АЕК: Коментарот не се прифаќа. Во Финалниот документ за четврта анализа на пазар за услуги со широк опсег, објавена на веб страната на АЕК на 11.04.2017 година, во точка 9.10 е утврдена обврската за контрола на цени каде е наведено дека обврската по членот 88 за контрола на цени и обврски за сметководство на трошоци останува во сила за регулираната големопродажна услуга за битстрим пристап и препродажба на битстрим услуга кога истата се темели на бакарната пристапна мрежна инфраструктура и ADSL технологијата за пренос на податоци односно АЕК ке ја користи ЛРИЦ методологијата за контрола на овие трошоци додека за големопродажни услуги за пристап до мрежа од следните генерации (оптика) АЕК ќе спроведува тестови за економска репликабилност во согласност со препорака на Европската Комисија за конзистентни обврски за недискриминација и трошковна методологија од 11.9.2013 год. Следствено, во член 18 од Правилникот за обезбедување на битстрим пристап и препродажба на битстрим услуга се наведени методологите кои се основа за пресметување на големопродажните цени, а врз чија основа е изготвен моделот за ЕРТ.

Македонски Телеком: Во однос на прилог 4 (ексел) од нацрт предлот за измена на Правилникот за обезбедување на битстрим пристап и препродажба на битстрим услуга, сметаме дека нема потреба од толку детали, поготово во делот за говорен сообраќај. Предлагаме да нема поделба на сообраќајот на нормална и евтина тарифа и нема потреба од поделба на сообраќај во сопствена и во друга мрежа од причина што големопродажните надоместоци за терминација на повици се симетрични. Дополнително, просечниот говорен сообраќај по претплатник значително е намален и волуменот е многу мал и нема особено значење како инпут за тестирање. Во делот на вклучените минути во претплатата, генерално во сите идентификувани flagship понуди, целиот остварен сообраќај е de facto вклучен во претплата и нема потреба да се дели на сооображај во и надвор од претплата.

Како што одговоривме на прашањето број 14, во пресметката за приходи треба да бидат земени во предвид и приходите од меѓународен дојдовен сообраќај. Затоа, во инпутите во овој Прилог ќе биде дополнето со податоци за меѓународен дојдовен сообраќај.

АЕК: Коментарот делумно се прифаќа.Прилог 4 е во целост усогласен со финалниот модел за ЕРТ како резултат на прифатените коментари во текот на јавната расправа. Бараните податоци кои се наведени во Прилог 4 се неопходни за користење на моделот при одобрување на нови/ изменети малопродажни/ големопродажни понуди како и проверка на историски податоци на секои 6 месеци. Коментарот за меѓународен дојдовен сообраќај се прифаќа. Како резултат на тоа, АЕК достави барање за дополнителни податоци за овој вид на сообраќај кои по нивното добивање ќе бидат интегрирани во финалниот модел за ЕРТ. Коментарот во однос на податоците за мрежните трошоци и комерцијалните трошоци се прифака. Имено, бидејки тие не се неопходни за редовна употреба на моделот и проверка на историски податоци на секои 6 месеци туку може да се укаже потреба да не направи ажурирање истите нема да бидат составен дел од Прилог 4. Истите ќе бидат побарани од операторот во согланост со член 55 од ЗЕК.

Лидер на проектот- Кристина Божиновска

Васка Петровиќ- член

Мирјана Болиновска- член

Биљана Тошевска- член

Директор

Сашо Димитријоски

Наш број: 1308-1036

Скопје, _____________

www.aek.mk

тел.: +389 2 32 89 200
факс: +389 2 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk